***З А П И С Н И К***
***од итна седница Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 05.08.2021 година***

Седницата се одржа во Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет и тоа: Благоја Станојоски, Марија Кочовска, Николче Димитријовски, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Мишко Поповски, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски, Христина Бојаџиева Андреска, отсутни беа советниците Весна Ориѓанска, Татјана Кочовска и Валентина Ѓорѓиовска. На седницата присутен беше Градоначланикот на општина Демир Хисар Марјанче Стојановски, проектен менаџер на проектот „Откривање на скриените атракции“ Емилија Ѓероска, Раководителот на одделение за финансиски прашања Влатко Станковски. Директотот на Дом на култура „Илинден“ Зоран Котевски. На седницата имаше присутни граѓани и тоа Бојан Кочовски и Гоце Мицковски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за давање на користење и управување со Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица.
2. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година (I Ребаланс).
3. Предлози и прашања.

Предложениот Дневен ред беше усвоен со 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање на користење и управување со Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица***

Во врска со Одлуката за давање на користење и управување со Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица извештај поднесе Марија Кочовска Претседател на Комисијата за опшествени дејности. На седницата на комисијата претставник од општинската администрација беше Злате Бошевски. Општината објавила повик за прибирање на понуди за давање под концесија на задружниот дом во Слоештица, а според повикот комисијата за опшествени дејности требало да направи избор. Пристигната беше само една понуда според критериумите од огласот комплетна. Комисијата одржа состанок, но не изврши избор, остави Советот да одлучува. Причината за ваквата постапка е тоа што не е испочитувана законската одредба, Советот да донеси одлука за да може општината да распишува повик за давање под закуп. Со ваквата постапка комисијата беше ставена дирекно да одлучува без предходно да биде запознаена што се случува. Ваквата постапка сметавме дека не е правно издржана и затоа одлучивме да оди дирекно на Совет. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни претставникот Емилија Ѓероска, ќе даде подетални објаснувања, ова е завршна фаза на проектот да се избере партнер кој ќе раководи со објектот. За овај проект Советот беше запознат средствата се од ЕУ и правилата се тие мора да се почитуваат. Проектниот менаџер Емилија Ѓероска во своето излагање истакна ова е проект за меѓугранична соработка помеѓу РСМакедонија и РАлбанија финансиран од ЕУ . Реализацијата на овај проект е огромен успех за општината, ова е можност да се обележи ликот и делото на Петре М. Андреевски. Уште во самата апликација на проектот наведени се фазите утврдена е постапката имаше и ревизија се е предвидено и планирано. Во самата апликација пишува кога ќе се заврши со градежните работи на објектот, истиот ќе биде даден под закуп на партнер кој ќе менаџира понатаму и со тоа е заокружен проектот. Согласно правилата на апликацијата има право објектот да се даде под закуп и со дирекна спогодба, но Градоначалникот инсистираше целата постапка да биде транспарентна и Советот да биди вклучен, затоа се отиде на ваков начин. Како проектен менаџер сум среќна што заинтересираната страна е локална личност, Евгенија Здравевска или Зарина Првасевда има и референци, ги исполнува сите потребни услови за да управува и менаџира со објектот. Треба да и се

честита на храброста и за одлучноста ова е голем објект, со можност максимум два месеци во годината да работи за неа е голем предизвик, а многу мал бенифит, но таа е убедена дека ќе можи да го сервисира. Во моментов и е потребна поддршка од сите нас да не се поколеба. Има многу убави идеи, многу добро е вмрежена, има добра база која ќе и даде поддршка сите треба да и честитаме и да и бидеме „ветар во грбот“ да успее. Согласно правилата на апликацијата ова мора да се направи да се заокружи проектот, ако не се работи по поставените правила ќе треба да се враќаат парите. Советничката Марија Кочовска истакна Советот даде подршка на проектот исто одобри и 1.200.000 плус средства за реализација на проектот, забелешката се однесува во делот на законската постапка. На кој член од закон се повика општината кога објавуваше повик, сега се бара Советот да донеси одлука колку Советот да е запознат. Проектниот менаџер Ѓероска објасни јас сум вработена во општината и работам во име на општината со ЕУ за нив е важно да се работи по нивните правила, во спротивно се враќаат средствата. Секогаш се инвестира во објект кој е од јавен интерес, она што е наведено во апликацијата тоа се почитува. Истото е и во делот со невладината, Општината и Советот треба да најдат форма и начин на одржливост на објектот. Општината да вработи лице или невладина. Секогаш процедурата е иста се дава на невладиниот сектор да овозможи организирање на активности за одржливост. Градоначалникот има право да направи директен договор со невладина, но тој одлучи да оди на Совет да се покаже едниственост, ова е подршка на невладината овде нема две различни страни сите сме заедно сакаме да и тргни на Евгенија. Советничката Марија Кочовска имаше забелешка како се одлучува на колку години ќе се даде, дали ќе има надомест, ако имал право градоначалникот да го даде без Советот можел да го направи тоа. Прашањето е според кој закон се прави постапката, во законот за локална самоуправа стои Советот донесува одлука, другиот закон за користење на ствари во повиканоста на одлуката е вон сила. Немаме ништо против, но како советник сакам правната регулатива да биде запазена. Проектниот менаџер Ѓероска се согласи законот кој е вон сила можи да се тргни, доволно е да стои законот за локална самоуправа и статутот на општината, сите договори се склучуваат според правилата на ЕУ од таму се определуваат критериумите, ние реферираме по нивните правила. Советникот Мишко Поповски праша кој се правилата на користење на домот, под кои услови ќе се даде на користење, пред да се аплицира требало да се кажат под кои услови се дава на користење на 15 години и треба да се дефинираат работите. Објектот е многу убаво направен и треба да се одржува, еден човек неможи само хигиена да одржува, еден човек треба да биди на располагање за да биде отворена собата на Петре М Андреевски. Треба да се вработуваат лица. Врз основа што се определени критериумите. Проектниот Менаџер Ѓероска објасни ако на некој му се дадат права тоа значи дека ќе има и обврски. Критериумите се определени од апликацијата, според тие одржувањето се дава на невладина организација на 15 години услов е да одрживо да не ја менува целта за која е наменет. Евгенија зема голема обврска, затоа треба да и помогнеме. Сите општини на ваков начин работат, за ЕУ важно е да има желба за развој тоа многу му значи. Законот за концесија е многу тежок, на овај начин многу е полесно да се најде партнер, можеби требаше да присуствувам на комисија ќе ви објаснев ова е проект од развојни иницијативи, целта е да се подржат и подобрат условите за развој. Градоначалникот Стојановски дополни во почетокот целиот објект беше предмет на овај проект, во текот на работата, направивме напор да се тргни делот каде што беше продавницата, со ова не е опфатен тој дел. Беше тешко тоа да се изведи, бидејќи од почеток беше една целина, но успеавме продавницата да ја одвоиме. Советничката Христина Бојаџиева Андреска во својата дискусија истакна никој не знаеше дека има објавено повик, здружението е формирано пред самиот повик, збунува датумот на формирањето, на огласот само еден се јавил, не знаеме дали има и други заинтересирани, како да е се предвреме спакувано, на сите ни е нејасно. Градоначалникот Стојановски објасни информирани беа повеќе здруженија над 20 сите беа запознати, никој не прифаќаше исто беше понудено и здружението на Ирена Андрееска тие беа партнери во проектот не сакаа да земат обврска. Се дава на користење без надомест целта е да проработи домот да се носат туристи, општината не можи да управува со објектот, не можи да издава соби, тоа можи да го прави невладина, да ги издава собите, да организира настани, да наплаќа, договорот ќе се прави според

правилата на апликацијата. Ако советниците ја посетуваа веб страната на општината ќе беа информирани таму се е објавено. Советничката Марија Кочовска повторно укажа дека Советот требаше да донеси одлука да се распише јавен повик, советникот Драге Пупунчевски упати забелешка зошто совениците не се информирани за оваа постапка, потоа додаде ова тешко ќе функционира на ваков начин, можеби една две години и после општината ќе покрива. Градоначалникот Марјанче Стојановски рече треба да ви е чест што од 80 апликации проект добија само 4 општини од кои еден во Демир Хисар, парите ги дава ЕУ и таа поставува правила тие сакаат после да функционира објектот, за продавницата да ја одвоиме од објектот колку само ни требаше. Ние ќе бидеме стреќни ако и после 15 години објектот функционира вака. Советникот Мишко Поповски се согласи овај е поклонет објект наше е само да го одржуваме и да функционира, со добри вештини и убава програма ќе има бенифит и од општината и од државата. Потоа се осврна на Спомен куќата на Петре М Андреевски досега повеќе пати се правеле обиди да се направи спомен куќа на повеќе места, сега еве се направи во домот, сигурно ќе има посетители таа треба да биде отворена, треба некој да ги води гостите, да има обезбедување на објектот, има обврски. Потоа предложи ако има можност недзорен орган да се формира, општината да врши надзор на секој шест месеци како се стопанисува со објектот. Градоначалникот Стојановски дополнително објасни со договорот сите овие работи се регулираат, објектот е на општината, а ќе го користи невладина, незнам каде има проблем, секој три месеци треба да се доставува извештај ЕУ во секое време можи да направи контрола во тие 15 години, и тие ги дадоа парите секако ќе вршат и надзор, закупнината ќе биди всушност одржувањето на објектот. Евгенија е добра во таа област за која е и наменет објектот, има талент и мислам дека добро ќе функционира. Советничката Христина Бојаџиева Андреска побара пауза за консултации. После паузата советничката Марија Кочовска предложи точката да се одложи да се разгледува на редовна седница, бидејќи Советот не во полн состав, а советничката Христина Бојаџиева Андреска параша до кога трба да се донеси одлуката и кога ќе се потпишува договорот. Градоначакникот Стојановски објасни затоа и се закажа итна седница да се донеси одлуката пред да се распишат изборите, во салата присутни се 8 советници има мнозинство нема никаква е пречка да се донеси одлуката. Договорот можи да се потпиши и после распишани избори, важно е одлуката да се донеси пред да се распишат изборите. Ако текстот на одлуката е во ред во повиканоста ќе се избриши законот кој е цитиран, а е вон сила и нема никаков проблем. Пред да се склучи договорот ќе ве повикам заедно ќе направиме консултација околу одредбите кои треба да стојат во договорот. Советничката Марија Кочовска побара пауза. После паузата немаше дискусија. За донесување на одлуката 5 „за“ 3 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 2. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година (I Ребаланс)***

За Измените и дополнувањето на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година (I Ребаланс) Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни ребалансот се разгледуваше на предходната седница не се донесе сега повторно е на Дневен ред. Раководителот Влатко Станковски додаде се беше објаснето нема ништо изменето. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни целта беше да се направат две промени на прилив и одлив на средства од Бирото за регионален развој, ќе имаме проблем станува збор за проктите со улиците и канализацијата. Еднократните повеќе нема да се исплаќаат и да има средства со распишување на изботите ваквите исплати прекинуваат, важно е за средствата од проектите да не се направи проблем. Добивме 6.500.000 нема да можи да се завршат градежните работи, не се наши тие средства тоа се средства од Министерство за локална самоуправа. Што е важно кој ќе биде совет или градоначалник важно е да се искористат средствата да функционира општината, во интерес на граѓаните. Исто и во делот на културата ако нема ребаланс нема да можи да се реализираат средствата, исто во образованието, потребно е набавка на опрема почеток на школска година имаат средства кои ги заштедија од превозот неможат да ги искористат, има планирано нова програма за изборите како ќе се спроведат изборите ако нема средства и програма. Трошоците се на општината, но преку посебна сметка. Овие средства не се користат за избороте еднократните завршуваат со исплата со распишување на избори. Директорот

на Домот на културата Зоран Котевски објасни во културата има 604.000 средства кои останаа, бидејќи немаше вработено лице овие средства се планира да се искористат за инвестиции, имаме проект за набавка на лектири одобрени се 20.000, наше учество е 15.000 ако не ги обезбедиме ќе ни пропаднат и тие што се одобрени, планиравме да го поправиме влезот, вецињата, набавка на опрема за народен оркестар и други планирани активности ако не ги искористиме средствата ќе ни ги повлечат. Советничката Марија Кочовска праша до кога е исплатено од ставката за еднократни. Градоначалникот Стојановски објасни додека имало средства, сега има барања кои чекаат на исплата, и за бракови и за новороденчиња, но нема планирани средства, и затоа треба ребаланс. Дискусија повеќе немаше за донесување на ребалансот гласа 4 „за“ 4 „воздржани“ против немаше. Ребалансот не беше донесен.

***ТОЧКА 3. Предлози и прашања***

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17-881/3**
**26.08.2021 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
***Претседател,***
**Благоја Станојоски с.р.**